Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Совет на јавните обвинители на
Република Северна Македонија
Këshilli i Prokurorëve Publik i
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бр.-Nr. 01-84/1
21.07.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIKË TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Согласно член 14 став 1 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр.102/2026 и бр.148/2026), Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 14.07.2026 година го донесе следниот:

# ДЕЛОВНИК

## ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**I. Општи одредби**

**II. Начин на работа на Советот**

**III. Разрешување на член на Советот**

**IV. Постапка при именување и разрешување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија**

**V. Изборен именик на јавните обвинители**

**VI. Постапка за избор, распоредување и разрешување на јавните обвинители**

**VII. Оддалечување и престанок на функција**

**VIII.Постапка по претставки и поплаки**

**IX. Оценување на јавните обвинители**

**X. Извештај за работа**

**XI. Донесување и изменување**

**XII. Завршни одредби**

# I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### *Предмет на Деловникот*

### Член 1

(1) Со овој Деловник се уредува начинот на работа на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Советот), како и други прашања од надлежност на Советот.

(2) Со посебни подзаконски акти се регулираат постапките од надлежностите на Советот согласно член 9 од ЗЈО.

### *Седиште на Советот*

### Член 2

(1) Седиштето на Советот е во Скопје.

(2) Советот може да одлучи да ги одржува седниците и да ги извршува активностите и на друго место, освен во неговото седиште.

(3) Натписот „Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија“ е поставен на седиштето на Советот на македонски јазик, на друг јазик согласно Законот за употреба на јазиците и на англиски јазик со иста форма и големина, а ги содржи и грбот и знамето на Република Северна Македонија.

### *Печат, штембил и приемен штембил на Советот*

### Член 3

(1) Советот има свој печат, штембил и приемен штембил.

(2) Печатот има облик на круг со пречник од 40 мм, кој го содржи грбот на Република Северна Македонија, а околу него е напишано: „Република Северна Македонија – Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија – Скопје“.

(3) Штембилот има правоаголен облик со димензии 65х40 мм на кој се наоѓа грбот на Република Северна Македонија и натпис: „Република Северна Македонија – Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија, број, датум – Скопје“.

(4) Печатот и штембилот се ставаат на одлуките, решенијата и другите акти што ги донесува Советот.

(5) Приемниот штембил има правоаголен облик со димензии 65х40 мм, над кој се наоѓа натпис: „Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија – Скопје“, а во средината во определените графи се наоѓаат зборовите: „примено“, „организациона единица“ и „број“. Приемниот штембил се става на сите поднесоци што се доставуваат до Советот.

(6) Со печатот, штембилот и приемниот штембил ракува генералниот секретар и вработен во Стручната служба на Советот кој е назначен од генералниот секретар на Советот и двајцата се одговорни за нивната употреба.

*Примена на јазици и писма*

**Член 4**

Советот на јавните обвинители во вршењето на своите функции, работи и одлучува на македонски јазик и неговото кирилско писмо, согласно Законот за употреба на македонскиот јазик и на јазикот што го зборуваат 20% од граѓаните на Република Северна Македонија и нивното писмо, согласно Законот за употреба на јазиците.

*Мандат на членовите на Советот*

**Член 5**

(1) Мандатот на избраните членови на Советот започнува да тече од денот на давањето на свечената изјава пред претседателот на Собранието на Република Северна Македонија.

*Изземање на член на Советот*

**Член 6**

(1) Член на Советот е должен веднаш да престане со својата работа во постапките од надлежност на Советот во моментот на осознавање за постоење на причините за изземање и за тоа да го извести Советот.

(2) Доколку во вршењето на својата функција членот на Советот дознае за постоење на околности кои може да предизвикаат сомневање во неговата непристрасност, должен е веднаш да го извести Советот.

(3) Советот по добиеното известување донесува одлука во најкраток рок.

(4) Причините за изземање соодветно се применуваат на генералниот секретар и Стручната служба, а за чие изземање одлучува Претседателот на Советот.

Претседателот на Советот по добиеното известување донесува одлука во најкраток рок.

## II. НАЧИН НА РАБОТА НА СОВЕТОТ

**Член 7**

*Постапка за избор на претседател и заменик-претседател*

(1) Седницата за избор на претседател на Советот и за избор на заменик-претседател на Советот се закажува седум дена пред истекот на мандатот на постојниот претседател, односно заменик-претседател, а се одржува на денот на истекот на неговиот мандат, односно првиот работен ден доколку денот на истекот на мандатот паѓа во неработен ден. Во случај на предвремен престанок на мандатот на претседателот и заменик-претседателот се одржува итна седница.

(2) Во случај кога мандатот на претседателот и заменик-претседателот се истечени, со седницата претседава највозрасниот член на Советот.

(3) Кандидат за претседател на Советот може да предложи секој член на Советот. Избраниот претседател на Советот на истата седница предлага кандидат за заменик-претседател и генерален секретар

(4) Постапката за избор на претседател и заменик-претседател се врши со јавно гласање „за“ или „против“.

(5) Ако има повеќе од два кандидати и доколку ниту еден не го добие потребното мнозинство гласови, се спроведува втор круг на гласање. Во вториот круг на гласање одат двајцата кандидати со најмногу добиени гласови во првиот круг на гласање. Ако повеќе од два кандидати добиле ист број гласови, учествуваат сите.

(6) Ако никој од кандидатите во вториот круг на гласање не го добие потребното мнозинство, постапката за избор се повторува во трет круг.

(7) Ако во третиот круг на гласање ниту еден кандидат не освои мнозинство, одлуката за избор ја врши највозрасниот член на Советот кој не е кандидат, со ждрепка од кандидатите кои учествуваат во третиот круг.

(8) Овие правила соодветно се применуваат и за избор на генерален секретар.

***Постапка за разрешување на претседател и заменик-претседател***

**Член 8**

(1) Постапка за разрешување од функцијата претседател или заменик-претседател на Советот е јавна и има итен карактер.

(2) Постапка се поведува врз основа на образложено барање од најмалку четири члена на Советот, кое содржи и барање за закажување на седница.

(3) Седницата се закажува и одржува најдоцна во рок од 15 дена од поднесеното барање.

(4) Со точката од седницата на која се одлучува за разрешување од функција претседател или заменик-претседател претседава највозрасниот член на Советот и ја потпишува одлуката.

(5) По барање на претседателот или на заменик-претседателот на Советот против кого се води постапката, Советот може да одлучи јавноста да биде исклучена.

(6) Советот донесува одлука за разрешување од функцијата претседател или заменик-претседател на Советот со најмалку шест гласа „за“ од членовите на Советот.

(7) Против одлуката за разрешување, претседателот, односно заменик-претседателот на Советот има право на тужба до Управниот суд согласно член 65 од Законот за СЈО.

### *Надлежности на претседателот на Советот*

**Член 9**

(1) Претседателот на Советот е надлежен да:

- го претставува и раководи со Советот;

- донесува одлука за свикување на седници, предлага дневен ред и раководи со седниците;

- учествува во работата и одлучувањето на Советот;

- ги потпишува одлуките, решенијата и другите акти на Советот;

- се грижи за спроведувањето на Деловникот на Советот;

- изготвува предлог за распоред на работа на членовите на Советот и го доставува на усвојување на седница;

- ги презентира сите наводи, податоци и докази во постапка за разрешување на член на Советот, согласно член 42 став (7) од Законот за СЈО;

- одлучува со решение по барањето за исправка на податоците во Изборниот именик на јавните обвинители, согласно член 22 став (4) од Законот за СЈО;

- по службена должност води сметка за истекот на мандатот на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и за тоа ја известува Владата на Република Северна Македонија;

- непосредно ја известува јавноста и медиумите за прашањата од надлежност на Советот или определува лице од редот на стручната служба за таа цел, за да обезбеди транспарентност и доверба на јавноста во работењето на Советот;

- обезбедува соработка на Советот со Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и другите институции.

- обезбедува заштита на правата и исполнување на должностите на членовите на Советот;

- врши други работи определени со закон и со овој Деловник.

### *Надлежности на* заменик-претседател на Советот

**Член 10**

(1) Заменик-претседателот му помага на претседателот во неговата работа и извршува задачи од негова надлежност во случај на отсуство на претседателот.

### *Надлежности на членовите*

**Член 11**

(1) Членот на Советот е надлежен да:

- учествува во работата и во одлучувањето по прашањата што се на дневен ред на седницата на Советот;

- учествува во работните групи и комисии;

- ја следи работата на јавното обвинителство и јавните обвинители;

- врши непосреден увид во работењето на јавните обвинители врз основа на одлука на Советот, согласно член 9 алинеја 17 од Законот за СЈО и за тоа до Советот поднесува извештај;

- дава иницијативи, предлози и мислења за прашањата од делокругот на работата на Советот;

- може да поднесе иницијатива за утврдување дисциплинска одговорност на јавен обвинител до овластените подносители, согласно член 62 од Законот за СЈО;

- постапува по предмети оформени по претставки и поплаки на граѓани и правни лица за работата на јавните обвинители;

- врши други работи определени со овој Деловник и со други акти на Советот.

### *Работни состаноци на членовите*

### Член 12

(1) Со цел навремено постапување и подготовка за донесување одлуки, членовите на Советот може да одржат работни состаноци.

(2) На работните состаноци се разгледуваат и дискутираат прашања од делокругот на надлежности на Советот.

### *Координатори*

### Член 13

(1) Членовите на Советот се избираат како координатори за секое од четирите подрачја на вишите јавни обвинителства, кои ја следат работата на истите. Најмалку еден координатор за секој регион е од избраните јавни обвинители.

(2) На секои четири месеци координаторите подготвуваат податоци за работата на јавните обвинителства и јавните обвинители за подрачјето на вишите јавни обвинителства и истите ги презентираат на Советот. Податоците се однесуваат на бројот на јавни обвинители, бројот на оформени предмети по обвинителства, сумарен приказ за ажурноста на работењето врз основа на месечни извештаи на јавните обвинители и јавните обвинителства, бројот на примени претставки и поплаки, како и други прашања во врска со работењето на јавните обвинителства и јавните обвинители.

(3) Во постапките за избор, координаторите подготвуваат податоци од професионалното досие на јавните обвинтиели, информации за конкретна работа на јавните обвинители, дали се оформени предмети по претставки и поплаки и исходот на истите.

(4) Во постапките за надзор над работењето на јавните обвинителства, го следат извршувањето на планот за надзор, ги анализираат писмените извештаите од извршените надзори и своите заклучоците ги презентираат на седниците кога се разгледуваат извештаите.

### *Формирање работни групи и комисии*

**Член 14**

(1) Со одлука на Советот може да се формираат една или повеќе работни групи или комисии кои ќе работат на определени работни задачи. Со одлуката за формирање на работна група се утврдуваат нејзините членови (претседател и членови), работната задача на која ќе работи и роковите за реализирање на задачата, односно мандатот на работната група.

### *Свикување на седници*

**Член 15**

(1) Претседателот на Советот ги свикува седниците, а во негово отсуство заменик-претседателот.

(2) Советот ќе одржува седници најмалку двапати месечно.

(3) Поканата за седницата со предлог на дневниот ред и сите релевантни материјали, по правило, се доставува до членовите на Советот писмено или по електронски пат (е-маил) најмалку три дена пред седницата. Датумот, времето и местото на седницата и агендата се објавуваат истовремено со поканата на веб-страницата на Советот.

(4) По исклучок, седницата може да биде закажана и одржана во пократок временски период од оној што е наведен погоре, доколку прашањето бара итно постапување или поради некои други оправдани причини. Причините поради кои се закажува и одржува седница во пократок временски период се наведува во записникот.

(5) Претседателот е должен да закаже седница и по предлог на најмалку четири члена на Советот. Предлогот за закажување на седницата ги содржи прашањата за кои се бара да се дискутира на седницата и истиот е потпишан од членовите. Предлогот може да се поднесе во писмена форма или по електронски пат од службената е-маил адреса на членовите до официјалната е-маил адреса на претседателот.

(6) Седница по предлог на најмалку четири члена се закажува и одржува во рок од 15 дена од поднесениот предлог.

### *Работа на седници*

**Член 16**

(1) Претседателот ја отвора седницата и го утврдува бројот на присутни членови на Советот при што констатира дали се исполнети законските услови за одржување на седница. Доколку има отсутни членови информира околу известувањата кои ги доставиле. Доколку има членови кои учествуваат на седницата преку средства за електронска комуникација истото се констатира во записникот.

(2) По барањето за учество на седницата преку средства за електронска комуникација одлучува претседателот на Советот. Во случај на учество преку средства за електронска комуникација се обезбедуваат услови за активно следење на работата на Советот, разгледување и одлучување по точките од дневниот ред.

(3) Претседателот може да го измени предложениот дневен ред. Советот го усвојува предложениот дневен ред со мнозинство гласови од присутните членови. Откако ќе се утврди дневниот ред, Советот може да го измени и во текот на седницата. Доколку член

на Советот има посебен предлог во врска со дневниот ред или работата на Советот, Советот одлучува по тој предлог.

(4) Претседателот претседава со седницата, обезбедува ред и ефикасност на седницата и им дава збор на членовите на Советот.

(5) Работите од својата надлежност Советот ги разгледува и за нив одлучува на седница со гласање „за“ или „против“ од страна на присутните членови на Советот.

(6) На седницата можат да присуствуваат и други лица со одлука на Советот.

(7) Генералниот секретар присуствува на седниците без право на глас и може да предлага точки на дневен ред.

***Одржување седница преку електронски средства за комуникација***

**Член 17**

(1) Седницата на Советот може да се одржи по електронски пат преку средства за електронска комуникација.

(2) Седницата може да се одржи под услов мнозинството членови на Советот да се согласни и за тоа да го известат претседателот на Советот.

(3) На седницата Советот може да носи одлуки од својата надлежност, со исклучок на одлука за именување и разрешување на јавни обвинители, одлука за дисциплинска одговорност на јавни обвинители, одлука за објавување оглас за избори на членови на Советот и одлука во постапки за оценување.

(4) На седницата која се одржува по електронски пат не може да се менуваат или дополнуваат одредбите од овој Деловник.

***Распоред на седење***

**Член 18**

(1) На седниците на Советот членовите на Советот седат по следниот редослед: претседателот на Советот седи на централното место на масата, од десната страна седи заменик-претседателот, потоа Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, членовите на Советот избрани од редот на јавните обвинители и тоа по рангот на обвинителството од кое се избрани. Ако повеќе обвинители се од обвинителство кое е од ист ранг предност има повозрасниот член на Советот. Од левата страна од претседателот на Советот седат по редослед по кој се избрани, членовите на Советот што се избрани од Собранието на Република Северна Македонија. Претседателот одлучува каде ќе седат поканетите лица.

***Јавност во работењето***

**Член 19**

(1) Јавноста во работата на Советот се обезбедува преку редовно информирање за седниците, одлуките и другите активности на веб-страницата на Советот.

(2) Седниците на Советот се јавни, а јавноста може да биде исклучена само со одлука на Советот заради заштита на угледот и интегритетот на јавниот обвинител, заради заштита на тајноста на податоците, заштита на класифицирани информации и во други

случаи утврдени со закон. Советот може да одлучи да ја исклучи јавноста од седниците со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови и одлуката ја објавува на веб-страницата на Советот.

(3) Во случај Советот да одлучи да ја исклучи јавноста од седницата, претседателот на Советот е должен да ја извести јавноста за причините за исклучување на јавноста, а во случај Советот да донесе одлука со гласање на истата седница, гласањето за одлуката е јавно.

(4) Кога Советот одлучува за избор на јавен обвинител на јавно обвинителство или за избор на јавен обвинител во јавно обвинителство, јавноста не може да биде исклучена. Советот составува записник од гласањето за одлуката и одлуката заедно со записникот јавно се објавуваат на веб-страницата на Советот.

(5) По одржана седница се објавува кратка информација за донесените одлуки на веб-страницата на Советот.

(6) Доколку седницата се одлага, причините за одлагањето на седницата мора да бидат образложени.

***Гласање***

**Член 20**

(1) Советот одлучува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови, освен ако со закон не е поинаку утврдено.

(2) Членовите на Советот гласаат со гласање „за“ или „против“ од страна на присутните членови на Советот.

(3) Гласањето се врши со кревање рака или преку усно искажување на мислењето. Тајното гласање не се применува, освен ако истото не е предвидено со закон.

(4) Секој член на Советот е должен усно на седница на Советот да ја образложи својата одлука „за“ или „против“ избор на јавен обвинител, односно „за“ или „против“ разрешување на јавен обвинител, согласно член 50 став (3) и член 64 став (5) од Законот за СЈО.

(5) По гласањето, Советот донесува одлуки, решенија, заклучоци, мислења, резолуции или констатира одредени состојби.

***Записник***

**Член 21**

(1) За работата на седницата на Советот се води записник. Записникот го води генералниот секретар на Советот. Во случај на отсуство или спреченост на генералниот секретар, записникот го води лице што ќе го определи претседателот на Советот.

(2) Записникот содржи: време, датум и место на одржување на седницата, присутни и отсутни членови на Советот, дневен ред, појаснување на членовите по дневниот ред, донесени одлуки, дискусии, решенија, заклучоци, констатации за одредени состојби, како и издвоено мислење на член на Советот, доколку е дадено такво мислење на седницата.

(3) Донесените одлуки, решенија и заклучоци се изготвуваат во писмена форма најдоцна три дена по завршувањето на седницата.

(4) Примерок од записникот се доставува до членовите на Советот по електронски пат (е-маил) или во писмена форма, кои можат да дадат забелешки на записникот пред седницата на Советот или на самата седница на која се разгледува и усвојува.

(5) Советот го разгледува и усвојува записникот на првата наредна седница.

(6) Усвоениот записник го потпишуваат претседателот на Советот и генералниот секретар. Усвоениот записник се објавува на веб-страницата на Советот.

(7) Материјалот од аудио-видео записот од јавните седници се чува во траење од шест месеци по усвојувањето на записникот.

***Образложение на одлуките на советот***

**Член 22**

(7) Одлуките на Советот за кои Законот предвидува образложение се објавуваат на веб-страницата на Советот.

## III. ИЗБОР НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ

**Член 23**

***Избор на членови на Советот***

(1) Постапката за избор на членови се спроведува согласно законските рокови и на начин предвиден во Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ.

(2) Советот формира Комисија за избори која е должна преку веб-страницата на Советот да обезбеди јавноста директно да го следи сумирањето на изборниот резултат за избор на членови на Советот од редот на јавните обвинители. Во случај да не може да се обезбеди директен пренос од технички причини, Советот е должен да обезбеди снимање на истиот и најдоцна следниот ден да ја постави снимката на веб-страницата на Советот.

## IV. РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ

***Поведување на постапка***

**Член 24**

(1) Член на Советот се разрешува од функција согласно член 40 и член 41 од Законот за СЈО.

(2) Образложено барање за поведување на постапка за разрешување од функција на член на Советот заедно со доказите на кои се заснова барањето, до Советот може да поднесат најмалку пет јавни обвинители или најмалку три члена на Советот.

***Постапка за разрешување***

**Член 25**

(1) Постапката за разрешување на член на Советот е итна и од доверлив карактер, се води без присуство на јавноста, со почитување на угледот и достоинството на членот

на Советот, при што се води сметка за заштита на личните податоци согласно прописите за заштита на личните податоци.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, на барање на членот на Советот против кого се води постапката, Советот одлучува постапката за разрешување на член на Советот да биде јавна.

(3) Барањето од член 41 од Законот за СЈО се доставува до Советот, кој во рок од три дена од денот на приемот, на јавна седница утврдува дали барањето е уредно и поднесено од овластен подносител.

(4) Ако барањето е неуредно или е поднесено од неовластен подносител, Советот на истата седница го отфрла.

(5) Ако барањето е уредно и поднесено од овластен подносител, Советот формира комисија од три члена која прибавува податоци и докази кои се од интерес за утврдување на фактичката состојба во врска со барањето.

(6) Советот во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето одржува седница на која претседателот на Советот ги презентира сите наводи, податоци и докази.

(7) Членот на Советот против кого се води постапката за разрешување има право писмено да одговори на наводите во барањето или да даде усна изјава на седницата на Советот на која се расправа по барањето, како и право на бранител што самиот го обезбедува.

***Одлука по барањето за разрешување***

**Член 26**

(1) По правило, Советот донесува одлука по поднесеното барање за разрешување на првата наредна седница, а најдоцна во рок од три месеци од приемот на барањето.

(2) Одлуката за разрешување на член на Советот ја донесува Советот со најмалку осум гласови „за" од вкупниот број на членови на Советот.

(3) Против одлуката за разрешување на член на Советот, членот на Советот има право да поднесе тужба согласно член 65 од Законот за СЈО.

(4) Мандатот на членот на Советот престанува со денот на правосилноста на одлуката за разрешување.

***Времено оддалечување на член на Советот***

**Член 27**

(1) Член на Советот може времено да се оддалечи од вршењето на функцијата член на Советот ако против него е донесена наредба за спроведување истражна постапка, ако е поднесен обвинителен предлог, освен за кривични дела сторени од небрежност или ако е поведена дисциплинска постапка или постапка за разрешување.

(2) Советот закажува седница на која расправа за временото оддалечување од вршењето на функцијата на член на Советот во рок од осум дена од денот на приемот на актот од ставот (1) на овој член.

(3) Одлуката за времено оддалечување од вршење на функцијата член на Советот ја донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, при што на седницата може да присуствува, но од гласањето се иззема, членот на Советот против кого е поведена постапката.

(4) Одлуката за времено оддалечување од вршење на функцијата член на Советот се преиспитува секој месец од страна на Советот.

## IV. ПОСТАПКА ПРИ ИМЕНУВАЊЕ И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

***Мислење за избор на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија***

***Член 28***

(1) Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на барање на Владата на Република Северна Македонија во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето, до Владата на Република Северна Македонија доставува образложено позитивно или негативно мислење во писмена форма за сите пријавени кандидати на огласот што ги исполнуваат условите согласно со закон.

(2) Советот спроведува интервју со сите пријавени кандидати на огласот што ги исполнуваат условите согласно со закон.

(3) По спроведеното интервју организира јавна седница за претставување на пријавените кандидати.

(4) По доставениот список на пријавени кандидати по азбучен ред, Советот отвора јавна расправа за секој кандидат поединечно. Потоа со јавно гласање, за секој кандидат поединечно, Советот се изјаснува какво мислење ќе даде.

(5) Позитивно мислење ќе биде дадено за кандидатот за кој мнозинство од вкупниот број на членови на Советот се изјасниле за тоа позитивно.

***Мислење по предлог за разрешување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија***

**Член 29**

(1) По предлог на Владата на Република Северна Македонија за разрешување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, Советот во рок од 15 дена од денот на доставување на предлогот до Владата доставува образложено позитивно или негативно мислење во писмена форма.

***Предлог за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ***

**Член 30**

(1) Кога ќе утврди дека се исполнети законските услови, Советот поднесува предлог за разрешување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија до Собранието на Република Северна Македонија, согласно член 9 алинеја 2 од Законот за СЈО.

## V. ИЗБОРЕН ИМЕНИК НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

**Член 31**

(1) Изборниот именик на јавните обвинители го води Советот согласно член 22 од Законот за СЈО.

(2) Најдоцна пет дена од денот на распишување на оглас за избор на членови, Советот го доставува Изборниот именик на јавните обвинители до сите јавни обвинителства.

(3) Изборниот именик на јавните обвинители се става на увид во јавното обвинителство и е достапен на секој јавен обвинител, кој има право во рок од три дена од денот на ставање на увид, по писмен пат да побара исправка на податоците.

(4) Претседателот на Советот во рок од три дена од денот на приемот на барањето одлучува со решение. Против решението јавниот обвинител има право да поднесе тужба согласно член 36 од Законот за СЈО.

(5) При оглас за избор на членови на Советот, Советот го заклучува Изборниот именик на јавните обвинители најдоцна во рок од 20 дена од денот на распишувањето на огласот.

## VI. ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР, РАСПОРЕДУВАЊЕ И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

***Објавување на оглас***

**Член 32**

(1) Советот донесува одлука за објавување на оглас за избор на јавен обвинител веднаш, а најдоцна во рок од седум дена од денот на упразнувањето или по утврдена потреба за место за јавен обвинител, во согласност со одредбите од Законот за СЈО.

(2) Огласот се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија и во најмалку два дневни весници, од кои еден од весниците што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. Огласот се доставува во електронска форма до сите обвинителства.

(3) Со огласот заинтересираните кандидати се известуваат да поднесат пријави до Советот во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во Службен весник на Република Северна Македонија.

***Избор на јавен обвинител во основно јавно обвинителство***

**Член 33**

(1) Советот избира јавен обвинител во основно јавно обвинителство кој ги исполнува законските услови и кој се пријавил на огласот од листата на кандидати доставена од Академијата за судии и јавни обвинители, земајќи ги предвид годината на завршување на обуката и постигнатиот успех, како и спроведеното интервју.

(2) Советот спроведува интервју со кандидатите вреднувајќи ги нивните компетенции, при што обезбедува услови за јавност на интервјуто. Начинот на спроведување на интервјуто го уредува Советот со посебен подзаконски акт.

(3) Доколку кандидатот не се пријави на три последователни огласи за избор на јавен обвинител и го изгуби утврдениот приоритет од листата на кандидати на Академијата за судии и јавни обвинители, Советот го известува кандидатот за последиците.

(4) Советот може да избере јавен обвинител во основно јавно обвинителство, јавен обвинител од друго основно јавно обвинителство или судија кој се пријавил на огласот, доколку на огласот не се јавил кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители.

***Избор на јавни обвинители во ЈО на РСМ, во вишите ЈО и во ОЈОГОКК***

**Член 34**

(1) Советот избира јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во вишите јавни обвинителства и во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција од кандидатите кои се јавиле на огласот и ги исполнуваат условите согласно со закон.

(2) Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија ќе избере лице со потврдени резултати во работата, способност за работење во сложени предмети, организациони способности за вршење на работата, кое има стручни и професионални квалитети и кое ужива углед во вршењето на функцијата, врз основа на следниве критериуми:

- стручното знаење, при што се земаат предвид специјалистичките, постдипломските студии и учеството во континуираната обука;
- односот кон работата и навременост во извршувањето на работата како јавен обвинител;
- способноста за стручно разрешување на правните прашања;
- преземањето дополнителна работа при вршење на функцијата на јавен обвинител преку учество во изготвување на прописи, менторство, едукација и слично;
- уживањето и чувањето на угледот на јавниот обвинител и јавното обвинителство, што се утврдува од начинот на комуникација со странките и другите органи, самостојноста, непристрасноста и доверливоста во извршувањето на функцијата на јавен обвинител и надвор од неа.

(3) При изборот на јавен обвинител не смее да се врши дискриминација во однос на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување.

(4) При изборот на јавен обвинител, без да се нарушат критериумите утврдени со закон, ќе се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Северна Македонија.

(5) За јавен обвинител не може да биде избрано лице кое со јавен обвинител од тоа обвинителство е во сродство во права линија или во странична линија до четврти степен или е негов брачен другар, како и до втор степен по сватовска линија.

### *Избор на јавен обвинител на јавно обвинителство*

**Член 35**

(1) Покрај критериумите од претходниот член, кандидатот за јавен обвинител на јавно обвинителство треба да поседува и способност за вршење на задачи од раководен карактер.

(2) Доколку кандидатот претходно вршел раководна функција, при повторен избор може да се има предвид и мислењето на непосредно повисокиот јавен обвинител за неговите раководни способности.

### *Одлука за избор*

**Член 36**

(1) За избор на јавни обвинители Советот расправа и одлучува на седница на која присуствуваат најмалку две третини од вкупниот број на членови на Советот.

(2) Членовите на Советот гласаат поединечно за секој кандидат од листата.

(3) Секој член на Советот е должен усно на седница на Советот да ја образложи својата одлука „за“ или „против“ избор на јавен обвинител.

(4) За јавен обвинител е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

(5) Одлуката на Советот за избор на јавен обвинител мора да биде образложена, индивидуализирана и споредлива.

(6) Советот е должен одлуката за избор на јавен обвинител да ја достави до секој кандидат.

### *Избор на основен јавен обвинител на ОЈОГОКК*

**Член 37**

(1) Постапката за избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција започнува три месеци пред истекот на мандатот со донесување на одлука за објавување на оглас.

(2) По завршување на огласот, Советот изготвува листа на пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени со закон.

(3) По спроведување на постапката за оценувањето, Советот на јавна седница организира претставување на кандидатите кои добиле позитивна оцена.

(4) Советот формира Комисии за спроведување на избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

(5) Советот во рок од седум дена од денот на гласањето го именува за основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, кандидатот кој добил најмногу гласови.

*Распоредување по истекот на мандатот*

**Член 38**

(1) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија кој нема да биде повторно именуван, продолжува да ја врши функцијата јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

(2) Вишиот јавен обвинител на вишо јавно обвинителство кој нема да биде повторно избран продолжува да ја врши функцијата јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство.

(3) Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција кој нема да биде повторно избран, Советот го распоредува за јавен обвинител во јавното обвинителство од кое бил избран.

(4) Јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција кој нема да биде повторно избран, Советот го распоредува за јавен обвинител во јавното обвинителство од кое бил избран.

(5) Основниот јавен обвинител на основно јавно обвинителство кој нема да биде повторно избран, Советот го распоредува за јавен обвинител во јавното обвинителство од кое е избран.

*Повторно огласување на избор*

**Член 39**

(1) Ако од пријавените кандидати ниту еден не ги исполнува условите утврдени согласно со закон или ако ниту еден од пријавените кандидати не го добие потребното мнозинство, Советот на истата седница донесува одлука за повторно огласување на избор на јавен обвинител.

*Рокови за избор*

**Член 40**

(1) Советот е должен постапката за избор на јавен обвинител во основно јавно обвинителство да ја заврши во рок од два месеца од денот на објавувањето на огласот.

(2) Постапката за избор на основен јавен обвинител на основно јавно обвинителство, на виш јавен обвинител на вишо јавно обвинителство и за избор на јавен обвинител во јавно обвинителство од повисок степен, Советот е должен да ја заврши во рок од три месеци од приемот на оценките за кандидатите.

(3) Постапката за избор на јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Советот е должен да ја заврши во рок од три месеци од денот кога е спроведено претставувањето на кандидатите.

*Разрешување на јавен обвинител*

**Член 41**

(1) Советот донесува одлука за разрешување на јавен обвинител, ако за истото било одлучено во дисциплинска постапка согласно со Законот за јавното обвинителство.

(2) Советот донесува одлука за разрешување од функцијата јавниот обвинител со најмалку осум гласа од вкупниот број на членови на Советот.

(3) Советот донесува одлука за разрешување од функцијата јавниот обвинител во рок од три месеци од денот на приемот на списите.

(4) Секој член на Советот е должен усно на седница на Советот да ја образложи својата одлука „за" или „против" разрешување на јавниот обвинител.

***Определување вршител на должност***

***Член 42***

(1) Ако на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија му престане функцијата или е разрешен од функција, Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија од редот на јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија определува јавен обвинител што ќе ја врши функцијата до именувањето на Јавен обвинител на Република Северна Македонија, но не подолго од шест месеци.

(2) Ако на јавниот обвинител на јавното обвинителство му е истечен мандатот, му престанала функцијата или е разрешен, Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија со одлука донесена со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, определува јавен обвинител од редот на јавните обвинители во тоа јавно обвинителство, кој ќе ја врши должноста до изборот на јавен обвинител во тоа јавно обвинителство, а ги исполнува условите за јавен обвинител на тоа обвинителство, но не подолго од шест месеци.

(3) Оваа одлука се донесува со јавно гласање, доколку за неа гласаат мнозинство од вкупниот број на членови на Советот.

## VII. ПОСТАПКА НА СОВЕТОТ ВО ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

***Постапка по жалба во дисциплинска постапка***

**Член 43**

(1) Советот како второстепен орган одлучува:

- по жалба на одлуката на Комисијата за спроведување на постапка за утврдување на одговорност на јавен обвинител за сторена дисциплинска повреда при вршење на функцијата, со која е изречена дисциплинска мерка согласно Законот за јавното обвинителство;

- по поднесена жалба против предлогот за разрешување даден од страна на дисциплинската Комисија или по истекот на рокот кога жалба не е поднесена против предлогот за разрешување.

(2) По приемот на жалбата и добивање на списите од дисциплинскиот предмет, на предлог на претседателот на Советот се формира комисија од три члена.

(3) Комисијата е должна во рок од 30 дена од приемот на жалбата да ги прибави сите списи од значење за одлучувањето, да изврши увид во предметот, да прибира податоци

во врска со жалбените наводи и да врши други работи поврзани со предметот, со цел утврдување на фактичката состојба, по што изготвува мислење/извештај во писмена форма.

(4) Секој член има право да изврши увид во дисциплинскиот предмет и списите поврзани со истиот.

(5) На седница на Советот се разгледува одлуката на дисциплинската комисија, наводите изнесени во жалбата, списите на предметот, како и други укажувања или поднесоци од подносителот на жалбата и мислењето/извештајот на комисијата.

(6) Подносителот на жалбата има право да присуствува на седницата и да ги образложи наводите од жалбата, но неговото присуство не е задолжително.

(7) По разгледување на предметот, Советот може да ја укине, преиначи или потврди одлуката на дисциплинската комисија или да го прифати или одбие предлогот за разрешување на дисциплинската комисија.

(8) Советот ја донесува одлуката за разрешување на јавен обвинител во постапка пропишана со закон, со најмалку осум гласови од вкупниот број на членови.

(9) Кога ја потврдува одлуката на Комисијата за утврдување одговорност на јавен обвинител со која е утврдена дисциплинска одговорност и е предложено разрешување од функцијата јавен обвинител, Советот донесува одлука со која се разрешува јавниот обвинител и се констатира престанокот на функцијата.

(10) Одлуката за разрешување од функцијата јавен обвинител и решението за престанок на функцијата јавен обвинител се доставува до јавниот обвинител и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

(11) Јавниот обвинител има право да поднесе тужба против одлуката и решението на Советот, согласно со член 65 од Законот за СЈО.

***Жалба при времено упатување***

**Член 44**

(1) Ако Јавниот обвинител на Република Северна Македонија упати јавен обвинител во друго јавно обвинителство согласно со закон, упатениот јавен обвинител има право на жалба во рок од осум дена од приемот на решението.

(2) По приемот на жалбата, Советот одлучува по истата на првата наредна седница, но не подолго од 30 дена од приемот.

(3) Жалбата го одлага извршувањето на решението.

***Распоредување во случај на реорганизирање***

**Член 45**

(1) Во случај на укинување или реорганизирање на јавно обвинителство, Советот го распоредува јавниот обвинител од тоа јавно обвинителство во друго јавно обвинителство од ист или понизок степен, согласно член 9 алинеја 14 од Законот за СЈО.

(2) Советот пред да донесе одлука го сослушува јавниот обвинител, при што ќе ги земе во предвид неговите лични и семејни прилики и состојби во корелација со околностите наведени во решението за упатување на јавниот обвинител во друго јавно обвинителство.

## VII. ОДДАЛЕЧУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА

***Времено оддалечување од вршење функција јавен обвинител***

**Член 46**

(1) Доколку јавниот обвинител е времено оддалечен од функцијата, во случаи кога против него е определена мерка притвор или куќен притвор, поведена е кривична постапка или дисциплинска постапка, тој има право на жалба против одлуката за времено оддалечување до Советот, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката.

(2) Советот одлучува по жалбата во рок од осум дена од денот на приемот на жалбата и одлуката ја потврдува, укинува или преиначува.

***Престанок на функцијата***

**Член 47**

Советот ќе донесе решение за престанок на функцијата јавен обвинител во случаите предвидени со одредбите од член 55 до член 61 од Законот за СЈО и тоа: доколку јавниот обвинител сам тоа го побара, односно по сопствено барање на јавниот обвинител, поради престанување на државјанството, поради трајно губење на способноста за вршење на функцијата, поради исполнување на условите за старосна пензија, поради правосилна осуда за сторено кривично дело на казна затвор или кривично дело против службената должност и поради избор или именување на друга јавна функција.

## VIII. ПОСТАПКА ПО ПРЕТСТАВКИ И ПОПЛАКИ

**Член 48**

(1) Претставките и поплаките се поднесуваат во архивата на Советот и се распределуваат редоследно на координаторите за тоа подрачјето каде работи јавниот обвинител.

(2) Доколку по направените проверки на наводите од претставката или поплаката, членот на Советот констатира дека истите се неосновани, за тоа ќе го извести подносителот на претставката или поплаката и јавниот обвинител против кој е поднесена.

(3) Доколку по направените проверки на наводите во претставката или поплаката, членот на Советот оцени дека истите се основани и дека постојат основи на сомневање дека е сторена дисциплинска повреда или јавниот обвинител нестручно и несовесно ја вршел функцијата, претставката заедно со сите списи и констатации ќе ја достави на понатамошно надлежно постапување до Јавниот обвинител на Република Северна Македонија или до овластените подносители на предлогот за утврдување дисциплинска одговорност.

(4) Доколку се утврди повреда на Етичкиот кодекс, Советот ќе ја достави претставката заедно со сите списи на понатамошно надлежно постапување до Етичкиот совет на јавните обвинители.

## IX. ОЦЕНУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

### *Приговор против оценувањето*

### Член 49

(1) Доколку јавниот обвинител е незадоволен од оценката што ја добил и поднел писмен приговор согласно одредбите од Законот за јавното обвинителство, Советот формира работна група/комисија која постапува по приговорот против оценувањето. Откако комисијата ќе утврди дека приговорот е навремен, односно доставен до Советот во рок од осум дена од приемот на одлуката, можат да извршат увид во работата на јавниот обвинител кој го поднел приговорот, да извршат разговор со него или со јавниот обвинител кој ја дал оценката, по што доставува писмен извештај до Советот.

(2) Останатите членови на Советот кои не се дел од работната група/комисија можат да направат увид во предметот и преземените дејствија.

(3) Советот на јавните обвинители во рок од 30 дена од денот на приемот на приговорот е должен да донесе образложена одлука по истиот.

(4) Доколку Советот оцени дека приговорот е основан, истиот ќе го усвои со образложена одлука и ќе го задолжи јавниот обвинител што ја спровел постапката за оценување, да спроведе повторно оценување, при што ќе му даде конкретни упатства по кои мора да постапи. Конкретните упатства треба да го наведат секој критериум за оценување и соодветното оценување според приговорот.

(5) Доколку оцени дека приговорот не е основан, Советот ќе го одбие приговорот со образложена одлука.

(6) На повторно дадената оценка, незадоволниот јавен обвинител има право на приговор против повторното оценување во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката за повторно дадената оценка. Приговорот треба да биде образложен.

(7) По приговорот против повторно дадената оценка, Советот донесува образложена одлука со која го оценува јавниот обвинител, во рок од 30 дена од приемот на приговорот.

(8) Одлуката на Советот е конечна и ќе биде вклучена во образецот за оценување.

(9) Одлуката по изјавениот приговор не може да биде понеповолна од првично дадената оценка.

## XII. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

### Член 50

(1) Советот за својата работа поднесува годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија со целосна транспарентност, најдоцна до 30-ти април во тековната година за претходната година.

(2) Претседателот на Советот најдоцна до крајот на јануари во тековната година формира работна група за изработка на извештајот.

(2) Извештајот содржи детална, сеопфатна и описна обработка на податоци за бројот на избраните и разрешените јавни обвинители, бројот на поведени и завршени дисциплински постапки, кадровските состојби во јавното обвинителство, материјално-финансиската состојба на Советот, податоци за постапување по претставки и предлози од граѓаните и правни лица, активности на Советот за зголемување и одржување на довербата на јавноста во работата на Советот и во обвинителскиот систем и други податоци од делокругот на работата на Советот, при што извештајот задолжително содржи и образложение за одлуките за избор и разрешување на јавни обвинители, како и одлуките за дисциплинските постапки.

(3) Советот во годишниот извештај задолжително вклучува и статистички податоци за застапеноста на заедниците, родовата застапеност и регионалната застапеност на јавните обвинители во јавните обвинителства, со анализа на остварениот напредок и евентуалните диспаритети во применувањето на принципот на правичност и соодветна застапеност.

(4) Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на седница го усвојува извештајот за својата работа.

(5) По усвојувањето на извештајот, примерок се доставува до Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и се објавува на веб-страницата на Советот.

***Надлежности на генералниот секретар***

**Член 51**

(1) Генералниот секретар раководи со стручната служба на Советот.

(2) Генералниот секретар постапува по насоките и задолженија на членовите на Советот.

(3) Генералниот секретар за својата работа одговара пред Претседателот на Советот.

## XIV. ДОНЕСУВАЊЕ И ИЗМЕНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ

**Член 52**

(1) Деловникот за работа го донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

(2) Дополнувањето и изменувањето на Деловникот се врши на начин и постапка што важат за неговото донесување.

## XV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

***Објавување и стапување на сила***

**Член 53**

(1) Овој Деловник влегува во сила со денот на негово донесување.

(2) Деловникот се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Советот.

(3) Со влегувањето во сила на овој Деловник, престанува да важи Деловникот за работа на Советот на јавните обвинители на РСМ под бр.01-124/1 од 15.10.2020 година.

(4) По донесување и влегување во сила на новиот Закон за јавното обвинителство ќе се пристапи кон изменување на овој Деловник со цел усогласување на постапките согласно одредбите на Законот јавното обвинителство.

**Бр.01-84/1**

**Скопје, 21.07.2026 година**

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Башким Бесими**